**20242023477**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 14 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), а во врска со член 6 став (2) и член 23 став (5) од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНО ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНУВАЊЕ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на дозволата за возач-инструктор, начинот на нејзино издавање и заменување и начинот на водење на евиденцијата за издадени дозволи за возач-инструктор во Министерството за внатрешни работи.

Член 2

(1) Дозволата за возач-инструктор се издава врз основа на поднесено барање за издавање и заменување на дозвола за возач-инструктор (во натамошниот текст: барањето).

(2) Барањето се поднесува на образец, во А4 формат на хартија во бела боја, лично од страна на кандидатот за возач – инструктор односно возачот-инструктор до надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето на кандидатот за возач – инструктор односно возачот-инструктор.

(3) Образецот на барањето од ставот (2) од овој член ги содржи следните податоци:

- примател на барањето - Министерство за внатрешни работи;
- наслов: „Барање за издавање и заменување на дозвола за возач – инструктор‘‘;
- причина за поднесување на барањето;
- податоци за подносителот на барањето;
- податоци за претходна дозвола за возач-инструктор;
- прилог кон барањето;
- согласност од подносителот на барањето;
- датум и место на поднесување на барањето;
- потпис на подносителот;
- податоци за контакт;
- потпис на службеното лице кое го примило барањето;
- потпис на подносителот и
- упатство за пополнување на барањето за дозвола за возач-инструктор.

(4) Образецот на барањето е даден во Прилог бр.1 и Прилог бр.1-а, кои се составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) При приемот на барањето, од страна на службеното лице овластено за водење на постапката (во натамошниот текст: овластеното службено лице) се утврдува идентитетот на подносителот на барањето и се проверува дали барањето е уредно пополнето и дали кон барањето е приложена потребната документација.

(2) Во случај кога не е поднесена целокупната документација потребна за издавање, односно заменување на дозвола за возач-инструктор, подносителот на барањето се известува во период од 15 дена да ја комплетира потребната документација.

Член 4

(1) При поднесување на барањето, подносителот на барањето приложува една фотографија со димензии 3,0x3,5 см., која треба да е фотографирана од лице (ан фас), со неутрален и јасен израз и без било каква покривка на лицето, на обична позадина во светла боја, без присуство на други лица или предмети. Доколку лицето носи очила, истите не може да ги покриваат очите и да покажуваат одблесок на светлината.

(2) Фотографијата, на која во долниот лев агол се става печат на органот што ја издал дозволата за возач-инструктор се прицврстува механички така што без оштетување не може да се замени. Оваа страна е покриена со проѕирна фолија која е холограмски обработена само кај местото на фотографијата.

Член 5

Барањето за заменување на дозвола за возач-инструктор се поднесува во следните случаи:

- поради истечен рок на важност;

-кога дозволата за возач-инструктор е изгубена, украдена, уништена и оштетена на начин што оневозможува нејзино користење;

-кога на возачот-инструктор му се променети личните податоци и

-кога се врши запишување на нова категорија на возила за која возачот-инструктор има положено испит.

Член 6

(1) Дозволата за возач-инструктор се издава на образец изработен на дводелна хартија, со светло сина боја, во правоаголна форма, развиен со димензии 140 x 110 мм, а кога ќе се превитка 70 x 110 мм.

(2) Образецот на дозволата за возач-инструктор од став (1) на овој член, ги содржи следните податоци:

- Република Северна Македонија;
- Министерство за внатрешни работи;
- код МК;
- назив на исправата;
- серискиброј;
- ознака L;
- име;
- презиме;
- датум и место на раѓање;
- матичен број;
- живеалиште;
- регистарски број;
- орган што ја издал;

- датум на издавање;
- рок на важност;
- категорија;
- датум на положен испит;
- место каде е положен испитот;
- потпис на овластеното лице М.П. ;
- фотографија;
- потпис на овластено лице и
- забелешка.

(3) Образецот на дозволата за возач-инструктор од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 2 и Прилог бр. 2-а, кои се составен дел на овој правилник.

Член 7

(1) Евиденцијата за издадени дозволи за возач-инструктор се води рачно и електронски.

(2) Евиденцијата од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- реден број;
- презиме, татково име и име;
- датум и место на раѓање;
- адреса на живеење;
- категорија на дозвола за возач-инструктор;
- датум кога е положен испитот за возач-инструктор и
- забелешка.

Член 8

Со денот на отпочнувањето на примената на овој на правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на дозволата за возач-инструктор, начинот на нејзино издавање и заменување и начинот на водење на евиденцијата за издадени дозволи за возач-инструктор во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/16, 213/16 и 91/17).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1.1-103539/1 | Министер |
| 25 септември 2024 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Панче Тошковски,** с.р. |

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Прилог бр. 1

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР

**1. ПРИЧИНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО (се избира постапката на која се однесува барањето)**

1.1. ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ЗА ПРВ ПАТ ☐
1.2. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ДОТРАЕНОСТ ИЛИ ОШТЕТЕНОСТ ☐
1.3. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ИСТЕК НА РОКОТ НА ВАЖЕЊЕ ☐
1.4. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ЗАВЕРКА НА НОВА КАТЕГОРИЈА ☐
1.5. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА ВОЗАЧОТ-ИНСТРУКТОР ☐
1.6 ИЗДАВАЊЕ НА ДУПЛИКАТ ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ☐

2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| | |
|---|---|
| **ИМЕ** | |
| **ПРЕЗИМЕ** | |
| **Ден, месец, година и место на раѓање** | |
| **Матичен број на граѓанинот** | |

| | |
|---|---|
| **Живеалиште** | |
| **Адреса** | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР

| |
|---|
| Број на дозвола за возач-инструктор |
| Орган кој ја издал |

| | |
|---|---|
| Категории на возила кои ги поседува возачот-инструктор | |

Датум и место на поднесување на барањето
____.____.20____, __________________

Потпис на подносителот
________________________________

Податоци за контакт ______________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ________________________________

4. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во важечка лична карта од која може да се утврди идентитетот на подносителот на барањето |
| ☐ | Доказ за завршено специјалистичко образование за возач-инструктор за постапките од точките 1.1. и 1.4. од делот 1. |
| ☐ | Уверение за здравствена и психофизичка способност на кандидатот за возач-инструктор за категорија на возила за кои се бара издавање на дозвола за возач-инструктор за постапките од точките 1.1., 1.3. и 1.4. од делот 1. |
| ☐ | Писмена изјава од возачот-инструктор за изгубена или украдена, оштетена дозвола за возач-инструктор за постапката од точката 1.6. од делот 1. (*) |
| ☐ | Доказ за извршена промена на лични податоци или важечка лична карта за постапката од точката 1.5. од делот 1. (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката______________________________________________<br>______________________________________________________________ |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени кон барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност.

5. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делотот 4. на ова барање.

Потпис на подносителот

______________________________

6. УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР

- Податоците од деловите 1 и 2 од барањето ги пополнува подносителот на барањето.
- Податоците од делот 3 ги пополнува службеното лице.
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот „податоци за контакт".

**Прилог бр. 1-а**
**Shtojcë nr. 1-a**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**MINISTRISË SË PUNËVE TË BRENDSHME**

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР
## KËRKESË PËR DHËNIEN E LEJES PËR INSTRUKTOR- SHOFER

**1. ПРИЧИНИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО (се избира постапката на која се однесува барањето)**
**1. ARSYEJA PËR PARASHTRIMIN E KËRKESËS (zgjidhet procedura për të cilën parashtrohet kërkesa)**

1.1. ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ЗА ПРВ ПАТ ☐
1.1. DHËNIA E LEJES PËR INSTRUKTOR -SHOFER PËR HERË TË PARË ☐
1.2. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ДОТРАЕНОСТ ИЛИ ОШТЕТЕНОСТ ☐
1.2. NDËRRIM I LEJES PËR INSTRUKTOR- SHOFER PËR SHKAK TË VJETËRSISË OSE DËMTIMIT ☐
1.3. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ИСТЕК НА РОКОТ НА ВАЖЕЊЕ ☐
1.3. NDËRRIM I LEJES PËR INSTRUKTOR- SHOFER PËR SHKAK TË SKADIMIT TË AFATIT TË VLEFSHMËRISË ☐
1.4. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ЗАВЕРКА НА НОВА КАТЕГОРИЈА ☐
1.4. NDËRRIM I LEJES PËR INSTRUKTOR SHOFER PËR SHKAK TË VËRTETIMIT TË KATEGORISË ☐
1.5. ЗАМЕНА НА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР ПОРАДИ ПРОМЕНА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА ВОЗАЧОТ-ИНСТРУКТОР ☐
1.5. NDËRRIM I LEJES PËR INSTRUKTOR- SHOFER PËR SHKAK TË NDRYSHIMIT TË TË DHËNAVE PERSONALE TË SHOFERIT-INSTRUKTOR ☐
1.6. ИЗДАВАЊЕ НА ДУПЛИКАТ ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ -ИНСТРУКТОР ☐
1.6. DHËNIA E LEJES DUPLIKATË PËR INSTRUKTOR SHOFER ☐

**2.ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**
**2. TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E KËRKESËS**

| | |
|---|---|
| **ИМЕ**<br>**EMRI** | |
| **ПРЕЗИМЕ**<br>**MBIEMRI** | |

| | |
|---|---|
| **Ден, месец, година и место на раѓање**<br>**Data, muaji, viti dhe vendi i lindjes** | |
| **Матичен број на граѓанинот**<br>**Numri amë i qytetarit** | |

| | |
|---|---|
| **Живеалиште**<br>**Vendbanimi** | |
| **Адреса**<br>**Adresa** | |

**3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ - ИНСТРУКТОР**
**3. TË DHËNA PËR LEJEN E MËPARSHME PËR INSTRUKTOR- SHOFER**

| |
|---|
| Број на дозвола за возач-инструктор<br>Numri i lejes të instruktorit-shofer |
| Орган кој ја издал<br>Organi i cili e ka lëshuar |

| | |
|---|---|
| Категории на возила кои ги поседува возачот-инструктор<br>Kategoritë për automjete të cilat i posedon instruktori-shofer | |

Датум и место на поднесување на барањето
Data dhe vendi i parashtrimit të kërkesës
____.____.20____. ________________

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit
______________________________

Податоци за контакт/ Të dhëna për kontakt ________________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето / Nënshkrimi i personit zyrtar i cili e ka pranuar kërkesën
____________________________________

**4. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:**
**4. SHTOJCË NDAJ KËRKESËS:**

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во важечка лична карта од која може да се утврди идентитетот на подносителот на барањето./Gjatë parashtrimit të kërkesës kontrollohet identiteti i parashtruesit të kërkesës sipas letërnjoftimit valid nga i cili mund të vërtetohet identiteti i parashtruesit të kërkesës. |
| ☐ | Доказ за завршено специјалистичко образование за возач-инструктор за постапките од точките 1.1 и 1.4, од делот 1.<br>Dëshmi për përfundimin e arsimimit të specializuar për shofer-instruktor për procedurat nga pikat: 1.1 dhe 1.4 nga pjesa 1. |
| ☐ | Уверение за здраствена и психофизичка способност на кандидатот за возач-инструктор за категорија на возила за кои се бара издавање на дозвола за возач-инструктор за постапките од точките 1.1, 1.3 и 1.4 од делот 1.<br>Vërtetim për aftësi shëndetësore dhe psikofizike të kandidatit për shofer-instruktor për kategoritë e automjeteve për të cilat kërkohet dhënia e lejes për shofer-instruktor për procedurat nga pikat 1.1., 1.3. dhe 1.4 nga pjesa 1. |
| ☐ | Писмена изјава од возачот-инструктор за изгубена или украдена, оштетена дозвола за возач-инструктор за постапките од точка 1.6. од делот 1. (*)<br>Deklaratë me shkrim nga shoferi-instruktor për leje të humbur ose vjedhur, të dëmtuar për shofer-instruktor për procedurat nga pika 1.6. nga pjesa 1. (*). |
| ☐ | Доказ за извршена промена на лични податоци или важечка лична карта за постапката од точката 1.5 од делот 1.(*).<br>Dëshmi për ndryshimin e të dhënave personale ose letërnjoftimit valid për procedurat nga pika 1.5. nga pjesa 1.(*). |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката ________________________________________<br>Dokumente tjera të domosdoshme për procedurën ________________________________________ |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени кон барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност. /Dëshmitë të nënvizuara me yll (*) konsiderohen se janë parashtruar me kërkesën dhe të njëjtat Ministria e Punëve të Brendshme i siguron sipas detyrës zyrtare.

---

**5.СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**
**5.PAJTUESHMËRI NGA PARASHTRUESI I KËRKESËS**

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 4. на ова барање./ Parashtruesi i kërkesës pajtohet të dhënat e tij / tyre personale të shfrytëzohen në procedurë për realizimin e të drejtës para organeve kompetente për sigurimin e të GJITHA dokumenteve të nënvizuar me yll (*) nga pjesa 4. e kësaj kërkese;

Потпис на подносителот /Nënshkrimi i parashtruesit

______________________________

---

**6.УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР**
**6. UDHËZIM PËR PLOTËSIMIN E KËRKESËS PËR LEJE PËR INSTRUKTOR- SHOFER**

- Податоците од деловите 1 и 2 од барањето ги пополнува подносителот на барањето.
- Të dhënat nga pjesa 1 dhe 2 të kërkesës i plotëson parashtruesi i kërkesës;
- Податоците од делот 3 ги пополнува службеното лице.
- Të dhënat nga pjesa 3 i plotëson personi zyrtar;
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кои Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот "податоци за контакт".
- Parashtruesi i kërkesës vetë e zgjedh mënyrën se si Ministria e Punëve të Brendshme do të mund të kontaktojë me të njëjtin ( me telefon apo përmes rrugës elektronike). Mënyra e zgjedhur për kontakt ceket në pjesën "të dhëna për kontakt".

Прилог бр. 2



НАДВОРЕШЕН ДЕЛ

Забелешки:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ
РАБОТИ

MK

ДОЗВОЛА
ЗА
ВОЗАЧ ИНСТРУКТОР

L

0000000

ВНАТРЕШЕН ДЕЛ

име

презиме

датум и место на раѓање

матичен број

живеалиште

регистарски број

орган што ја издал

датум на издавање

рок на важност

потпис на овластеното лице

30x35

| Категорија | Датум на положен испит | Место каде е положен испитот | Потпис на овластеното лице М.П. |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Прилог бр. 2-а
Shtojcë nr. 2-a

